СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# Предмет „ЕРАЗМУС“

## – со фокус на сексуална уцена –





СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

# Предмет „ЕРАЗМУС“

## – со фокус на сексуална уцена –

*Феноменот на сексуална уцена е познат и во нашата држава. Кривичната постапка „Еразмус“ е за примање поткуп и за реалната сексуална уцена сторена од страна на професор од Економскиот факултет во Скопје.*

Хелсиншки комитет за човекови права
Скопје, 2023 година

Овој документ е изработен во рамки на проектот „Унапредување на родовата еднаквост преку политичко учество на жените“, имплементиран од Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ), со финансиска поддршка од Шведска, преку Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (СИДА).

Мислењата изразени во оваа публикација не ги одразуваат секогаш мислењата на Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) и на Шведската агенција за меѓународна развојна поддршка (СИДА).

# Факти за предметот „Еразмус“

Во предметот „Еразмус“ осомничени се шест професори, меѓу кои и поранешниот декан на Економскиот факултет, еден асистент од Факултетот и сопственикот на бифето.

Документот дава преглед на информациите за случајот достапни во јавноста, со оглед на тоа што пресудата сѐ уште не е правосилна. По нејзината правосилност, ќе биде изготвена детална студија на случај.

Според информации од Обвинителството, групата од осум лица дејствувала организирано и била следена со посебни истражни мерки во текот на 2015 и на 2016 година. Коруптивните дела за кои постоело сомневање дека се одвиваат на Економскиот факултет се сложени и се одвивале тајно, поради што Обвинителството спровело посебни истражни мерки.

Карактеристично за овој предмет е тоа што обвинетиот Б. Ш., освен пари, барал и сексуални услуги од студентка за да ѝ напише преодна оценка.

По спроведување на сеопфатна истражна постапка и по прибирањето докази во предметот, надлежниот јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, во 2016 година, до Основниот суд Скопје 1 – Скопје поднел обвинителен акт против шест лица осомничени во предметот „Еразмус“.[1]

Обвинителството ги товари обвинетите врз основа на докази што го потврдуваат основаното сомневање дека во повеќе наврати, во подолг временски период, односно во текот на 2015 и на 2016 година, како лица вработени на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, искористувајќи ја својата положба, сториле кривични дела.

Обвинетите Б. Ш. и С. Р. се товарат за сторено кривично дело примање поткуп, од чл. 357, ст. 1 од КЗ, лицето Д. Ј. се обвинува дека сторило кривично дело примање поткуп, од чл. 357, ст. 1, и кривично дело примање награда за противзаконито влијание, од чл. 359, ст. 2 од Кривичниот законик.

Обвинетите Љ. Ј. и С. Д. се товарат за сторено кривично дело злоупотреба на службената положба и овластување, од чл. 353, ст. 1 од Кривичниот законик. Со обвинителниот акт се обвинува и лицето Д. Д. за сторени три кривични дела – давање поткуп, од чл. 358, ст. 1 од Кривичниот законик.

[1] <https://jorm.gov.mk/osnovnoto-javno-obvinitelstvo-za-gon-25/>

# Пресуда на Основен кривичен суд Скопје – 2020 година

Основниот кривичен суд Скопје ја објави пресудата за предметот со КОК бр. 115/16 – „Еразмус“, со која обвинетите Б. Ш., Д. Ј., С. Р. и Д. Д. ги прогласи за виновни за кривичните дела што им се ставаат на товар, додека обвинетиот С. Д., во согласност со член 403 од ЗКП, се ослободува од обвинение за кривичното дело злоупотреба на службена положба од чл. 353, ст. 1 од КЗ.

„Судот при утврдување на фактичката состојба изведе докази кои несомнено укажуваат на фактот дека дел од обвинетите кои се професори на Економскиот факултет во Скопје, ги прекршиле кривичноправните норми, но и основните и елементарни морални и етички норми постапувајќи надвор од кодексот кој го налага образовниот процес, пристапот и постапувањето со студентите при полагањето на испитите на овој факултет“.

Врз основа на сето изведено, судот на обвинетите:

Б. Ш. за кривичното дело примање поткуп од чл. 357, ст. 1 од КЗ му изрече казна затвор во траење од 2 години,

Д. Ј. за кривичните дела примање поткуп од чл. 357, ст. 1 и примање награда за противзаконито влијание од чл. 359, ст. 2 од КЗ му изрече единствена казна затвор во траење од 2 години и 6 месеци,

С. Р. за две кривични дела, примање поткуп по чл. 357, ст. 1 од КЗ, му изрече единствена казна затвор во траење од 2 години и 6 месеци,

Д. Д. за три кривични дела, давање поткуп по чл. 358, ст. 1 од КЗ, му изрече единствена казна – алтернативна мерка условна казна во траење од 2 години, која нема да се изврши доколку обвинетиот не стори ново кривично дело во следните 5 години.

Воедно, во согласност со чл. 38-б од КЗ, судот на обвинетите професори им изрекува мерка забрана за вршење професија, дејност и должност во траење од 10 години.

Осудените поднесоа жалба до Апелациониот суд, кој го врати предметот „Еразмус“ на повторно одлучување во првостепениот суд.

# Пресуда на Основен кривичен суд Скопје – 2023 година

Основниот кривичен суд Скопје, во септември 2023 година, ги изрече пресудите за тројцата професори од Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, обвинети во случајот „Еразмус“ за примање и давање поткуп.

Професорот и поранешен декан на Економскиот факултет Б. Ш. и професорот С. Р. се осудени на четири и пол, односно на четири години затвор, додека Д. Д., кој посредувал во шемата, добил условна казна.

Обвинетиот Б. Ш., освен пари, барал и сексуални услуги од студентка за да ѝ напише преодна оценка.

Покрај затворските казни, на тројцата обвинети судот им изрече и забрана за вршење на професијата во областа на образованието во траење од пет години од правосилноста на пресудата.

Како отежнувачка околност во конкрентниот случај, судот ја истакна општествената позиција на обвинетите, додека како олеснителна се земени предвид нивната возраст, семејната положба и тоа што не се претходно осудувани.

Пресудата во повеќе детали ги опиша настаните и начините на кои обвинетите ги примале парите од студентите за да ги положат испитите, а во случајот со Б. Ш. професорот барал сексуални услуги од студентка велејќи ѝ дека тоа е еден од начините да положи, или ќе мора да даде пари.

– Б. Ш., како лице кое врши работи од јавен интерес, професор на Економскиот факултет во Скопје, директно побарал подарок од студент под псевдоним УЦПМ01 за да изврши службено дејствие кое не би смеел да го изврши, и тоа на 06.06.2016 година 1 000 евра за да напише две оценки 8 како студентот би ги положил испитите по Менаџмент на мали бизниси одржан на 01.06.2016 година, и Основи на менаџмент на 02.06.2016 година, иако студентот по испитот Менаџмент на мали бизниси не го прикажал потребното знаење, а во однос на предметот Основи на менаџмент студентот под псевдоним УЦПМ01 ниту имал право да полага, не го пријавил, ниту пак го полагал испитот на 02.06.2016 година. ***На начин што на 02.06.2016 година во бифето на Економскиот факултет во Скопје на студентот под псевдоним УЦПМ01 му пришол професорот Б. Ш. и го прашал како планирал да го полага испитот, бидејќи сакал отворено да зборува, запрашал дали има над 18 години и дека тогаш може да се спојат со секс, а за возврат ќе го положи предметот менаџмент на мал бизнис, закажувајќи да дојде на 03.06.2016 година во 7 часот наутро, кога на факултетот нема никој, а доколку тоа не сака да го направи, нема друг начин да го положи испитот. Притоа понудил дека може да се оди во хотел, но таму ќе треба да остави лична карта, а сите го знаат, па останува стан или кола, а таа да размисли и наредниот ден, на 03.06.2016 година, во 12 часот, да му каже. А на 03.06.2016 година понудил да ја носи за Грција, во Солун, а за возврат ќе положи испити, и тоа основи на менаџмент и менаџмент на мал бизнис, па дека ќе положи и социологија, еколошки менаџмент, трговско право, ама за тоа треба да не знае никој и дека вкупно ќе помогне за 6 испити, а ако не прифати, ќе треба да плаќа пари.*** Ѝ рекол, знаеш ли колку математика бара за во септември, од 700 до 1 000 евра во испитна сесија, ти знаеш дека ќе се мачиш со оценки, затоа ова ти е начинот да ги поминеш, а откако студентот го прашал дали има друг начин, обвинетиот одговорил па ова е тој, а после ќе треба да платиш за

6 испити. На 06.06.2016 година побарал сексуална услуга објаснувајќи ја како легнување во кревет во мисионерска положба и му кажал на студентот дека договорил да положи кај обвинетиот Д. Ј. за предметот Математика за економисти, а во индексот да стави 700 евра, но по кратко време ја упатил кај сведокот Д. Т., кој треба да му каже колку пари треба да се дадат за испитот Менаџмент на мал бизнис, па откако тој пренел, на истиот ден обвинетиот Б. Ш. примил две банкноти во апоени од по 100 евра, 16 банкноти во апоени од по 50 евра, кој обвинетиот ги примил со индексот, ги истурил парите во фиока, го прашал студентот каква оценка сака да добие и на студентот му напишал две оцени 8 по предметите Основи на менаџмент и Менаџмент на мал бизнис и му кажал за професорот Д. Ј. за предметот Математика за економисти да донесе 700 евра во 09:30 часот или 13:30.

По оваа пресуда за предметот „Еразмус“ има вложена жалба и истата не е правосилна.

## Анализа на пресудата и потреба од законско регулирање на сексуалната уцена – секторција

Од донесените пресуди во предметот „Еразмус“ видно е дека обвинетите се обвинети и осудени за кривичните дела примање поткуп од член 357 од КЗ и давање поткуп од член 358 од КЗ. Во делото примање поткуп, уредено во член 357, е наведено дека „службено лице кое директно или индиректно ќе побара или ќе прими подарок или друга корист или ќе прими ветување за подарок или друга корист за себе или за друг за да изврши во рамките на своето службено овластување службено дејство што не би смеело да го изврши или да не изврши службено дејство што би морало да го изврши, ќе се казни со затвор од четири до десет години“.

Користа во Кривичниот законик е регулирана како:

(i) помала имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на службено објавена една половина просечна месечна плата во Републиката во времето на извршувањето на делото;

(ii) поголема имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на пет просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото;

(iii) значителна имотна корист, вредност или штета, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 50 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото; и

(iv) корист, вредност или штета од големи размери, се подразбира корист, вредност или штета што одговара на износот на 250 просечни месечни плати во Републиката во времето на извршувањето на делото.

Сите дефиниции за користа во Кривичниот законик даваат финансиска и имотна вредност на користа и ниту една од нив не вклучува сексуален однос како придобивка, корист или предност што може да се оствари. Имено, според неколку меѓународни организации кои сексуалната уцена ја поимаат со предзнак на корупција, таа е акт со две компоненти кои мора да бидат присутни:

1. Сексуална активност – секторцијата вклучува имплицитно или експлицитно барање за вклучување во каков било вид несакана сексуална активност, која може да се движи од сексуален однос до изложување на делови од телото;

2. Корупција – лицата кои бараат сексуална активност мора да заземаат позиција на авторитет, што тие ја злоупотребуваат, т. е. сторителите ја вршат својата власт за своја добивка. Токму поради тоа видна е потребата од законско регулирање на сексуалната уцена.

Криминолошкиот феномен на сексуалната уцена (во меѓународната заедница познат и како „секторција“) е од понов датум и како казненоправен поим е сè уште во зачетна состојба, но како општествен проблем е многу стар.

Сексуалната уцена се случува кога оние на кои им е доверена власт ја користат за сексуална експлоатација на оние кои зависат од таа моќ. Со тоа, таа е, во прв ред, родова форма на корупција која се јавува и во развиените и во земјите во развој, а најмногу ги погодува жените, децата и возрасните, особено припадници на ранливите заедници. Сексуалната уцена има многу корупттивни форми. Неколку примери за тоа како може да биде извршена се полицајци кои бараат секс во замена за неприведување личност; наставници кои бараат секс од учениците за да им дадат подобра оценка; судија што ја условува поволната пресуда со обезбедување сексуален чин или службеник за набавки нудејќи договор во замена за секс. Кога службениците ја злоупотребуваат својата моќ за да бараат пари, јасно и очигледно е дека тие се ангажираат во корупттивно однесување. Сепак, кога ја злоупотребуваат својата моќ за да побараат секс, во ваквите дејствија секогаш не се препознава корупција и тие не се соодветно процесирани од органите на прогонот. Жртва на секторција може да биде кое било лице, но жените се диспропорционално повеќе погодени од останатите, имајќи ги предвид родовите улоги и стереотипи за жените во општеството и позицијата на моќ на мажите, која ја користат за да ги злоупотребат жените.

Предметот „Еразмус“, во делот објаснет погоре при објавата на пресудата, неоспорно ги содржи сите елементи на сексуална уцена, но корупцијата се третира како економски феномен, па оттука барањето на сексуална услуга не се третира како посебна форма на корупција и не е препознаено како такво, па финансиската корист се изедначува со сексуалната корист. Од една страна, ова ги прави уште потешки напорите за справување со сексуалната уцена, но од друга страна, уште поголема е потребата од законско регулирање на сексуалната уцена.

Сексуалната уцена се прифаќа како своевиден родов феномен, односно како дело кое несразмерно повеќе ги погодува жените. Во РСМ не постои правна рамка за регулирање на сексуалната уцена и тоа ја прави видлива правната празнина во оваа конкретна област. Случаите со елементи на сексуална уцена единствено може да се третираат преку останатите закони што имаат допирна точка со оваа материја, но ниту еден закон не ја регулира експлицитно. Со Кривичниот законик сексуалната уцена не е инкриминирана, а постоечките слични и блиски кривични дела не се доволни, и токму поради тоа потребна е нејзина директно побарал подарок од студент под псевдоним УЦПМ01 за да изврши службено дејствие. Може да се каже дека сексуалната уцена има психолошки, физички, економски и социјални влијанија врз жртвите. Жртвите на сексуална злоупотреба доживуваат стигма преку отфрлање, понижување, изолација и обвинување, или накратко – дискриминација и повреда на нивното човечко достоинство.

Документот за јавни политики – Законско регулирање на сексуалната уцена во националното законодавство, дава конкретни предлози за законско регулирање на сексуалната уцена.

## Предлог за измени на Законот за спречување на корупција и судир на интереси

Во Законот за спречување на корупција и судир на интереси постои нужност и простор за амандманска интервенција на следниов начин:

**1)** Нова точка (12) во чл. 8
***„Тој што со вербално или физичко дејствие кое има директно или индиректно, реално или симболично значење на наведување, непристојна понуда, намамување, изразување сексуална страст или друго дејствие кое јасно потсетува на сексуален однос или други со него изедначени сексуални дејствија, ќе вознемири лице кое му е подредено или спрема него се наоѓа во однос на зависност или друго лице на работа.“***

**2)** Нов став 2 во член 67
***„(2) Лице кое врши работи од јавен интерес не смее сексуално да вознемирува друго лице спрема кое треба да бидат извршени работите или спрема соработник.“***
Поранешниот став 2 ќе стане став 3.

**3)** Измена на член 106, кој сега треба да гласи: ***„Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на лице кое со службеното лице е блиско лице, за кое оправдано се смета дека постои интерес што ги поврзува со службеното***

***лице, доколку изврши супервизорски или контролен надзор врз неговата работа, како и на лице кое постапило спротивно на чл. 67, став 2 од Законот.“***

## Предлог за измени на Кривичниот законик

Низ еден комбиниран пристап со употреба на нормативниот и на компаративниот метод, се дава следниот предлог за воведување ново кривично дело сексуална уцена, коешто би гласело:

**„СЕКСУАЛНА УЦЕНА“**

**член 189-а**

**(1) Тој што со употреба на директна или индиректна закана спрема друг дека за него или за нему блиско лице ќе предизвика штета на имотот, угледот, општествениот статус, работниот однос или повреда на честа, или дека нему или нему блиско лице ќе им ги одземе или ограничи правата на човекот и граѓанинот, утврдени со Уставот, со закон или со ратификуван меѓународен договор, и со тоа ќе го присили на сексуален однос, на друго полово дејствие или на разголување на интимните делови од телото, или ќе го присили да направи фотографии, слики, дигитални видеа или слики, аудиовизуелни слики или други предмети со порнографска содржина, или порнографска претстава од себеси или од нему блиското лице без претходна согласност од тоа лице, без оглед дали се истите лица јасно препознатливи на приказот, ќе се казни со затвор од 6 месеци до 5 години.**

**(2) Тој што делото од став 1 ќе го стори спрема лице со кое е во блиски лични односи, ќе се казни со казна затвор од 3 месеци до 3 години.**

**(3) Ако делото од став 1 противзаконито го стори службено лице во вршење на службата, ќе се казни со затвор од 1 година до 8 години.**

**(4) Со казната од ставот 3 на овој член ќе се казни и одговорно лице, одговорно лице во странско правно лице кое има претставништво во Република Северна Македонија или лице кое врши работи од јавен интерес, ако делото е сторено во вршење на неговото посебно овластување или должност, определено со закон.**

**(5) Со казната од ставот 3 на овој член ќе се казни и припадник на наставен или на наставно-научен кадар или негов соработник кој се нуди на друг дека нему или нему блиско лице ќе им стави подобра оцена, или ќе им даде други повластувања во образовниот процес во замена за сексуален однос, за друго полово дејствие или разголување на интимните делови од телото, како и лекар или друг здравствен работник кој спротивно на својата должност го условува укажувањето на медицинска помош во замена за сексуален однос, за друго полово дејствие или разголување на интимните делови од телото на пациентот, или аптекар или**

**друго овластено лице за подготвување или издавање на лекови кој го условува подготвувањето или давањето на лекови со сексуален однос, со друго полово дејствие или разголување на интимните делови од телото на клиентот, или пак му ветува издавање на лекови спротивно на својата струка, а со истата цел.**

**(6) Со казната од став 2 ќе се казни и верски службеник на регистрирана црква, верска заедница или религиозна група кој употребува закана од суеверие спрема друг дека за него или за нему блиско лице ќе настапи штета на имотот, угледот, општествениот статус, работниот однос или повреда на честа, и со тоа ќе го присили на сексуален однос, на друго полово дејствие или на разголување на интимните делови од телото, или ќе го присили да направи фотографии, слики, дигитални видеа или слики, аудиовизуелни слики или други предмети со порнографска содржина, или порнографска претстава од себеси или од нему блиското лице без претходна согласност од тоа лице, без оглед дали истите лица се јасно препознатливи на приказот.**

**(7) Обидот за делата од став 2 и став 6 на овој член е казнив.**

**(8) За делото од став 2 гонењето се презема по предлог.**

**(9) Ако делото од овој член го стори правно лице, ќе се казни со парична казна.**

Воведувањето на сексуалната уцена како ново, посебно кривично дело во главата XIX од КЗ – Дела против половата слобода и морал, претставува наједноставен и најлесен начин за негово спроведување во практиката. Вака поставена, сексуалната уцена претставува сеопфатно кривично дело со јасна дефиниција и елементи, што ќе го олесни постапувањето на надлежните органи во потенцијални случаи.

WoMen Lead
National Democratic Institute

Sweden Sverige

NDI
NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВ ПРАВА

